Штедилница Можности

Штедилница Можности ДОО Скопје, бул. „Јане Сандански" 111, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, П. Фах 883
Тел.+389 2 2401 051 Факс.+389 2 2401 049 http://www.moznosti.com.mk e-mail: contact@moznosti.com.mk

# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА РАБОТЕЊЕ СО ДЕПОЗИТИ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

| **Име на продукт** | **ОТВОРЕН ДЕНАРСКИ ДЕПОЗИТ - ФЛЕКСИ** |
|---|---|
| **Информации за продуктот** | • Флекси депозитот е отворен депозит на кој странката може да уплатува и од кој може да повлекува средства во текот на рочноста на депозитот согласно со условите во договорот за депозит |
| **Целна група на клиент** | • Физички лица |
| **Валута на депозит** | • МКД |
| **Минимален износ** | • 6.000,00 денари |
| **Намена на депозитот** | • Краткорочно или долгорочно штедење |

| **Каматна стапка на депозити (отворени и реорочени од)** | **Рок на орочување** | 6 месец | 12 месеци | 18 месеци | 24 месеци |
|---|---|---|---|---|---|
| | **01.07.2017 до 31.08.2020 година** | **0,50%** | **1,00%** | **1,50%** | **2,00%** |
| | **01.09.2020** | **0,10%** | **0,60%** | **1,10%** | **1,60%** |

| | |
|---|---|
| **Тип на каматна стапка** | • **Фиксна** каматна стапка на депозитите отворени и реорочени по 01.07.2017 година |
| **Пресметка и плаќање на камата** | • Каматната стапка е на годишна основа<br>• Метода на пресметка на камата - конформна метода<br>• Декурзивна пресметка на камата<br>• Пресметувањето на каматата се врши месечно, а штедилницата го врши начинот на пресметка на каматата согласно со законските прописи<br>• Со препишување на каматата на депозитот на крајот на периодот на орочување |
| **Отворање и затворање на штедна книшка** | • Штедна книшка може да отвори секое деловно способно физичко лице и тоа:<br>во свое име,<br>во име на малолетно лице за кое е законски застапник<br>• Отворањето на штедната книшка е бесплатно и може да се направи во секоја експозитура на штедилницата со лично присуство (важи за деловно способни физички лица) и валиден документ за идентификација<br>• Штедна книшка може да се затвори во секоја експозитура на штедилницата на барање на депонентот, со лично присуство и со валиден документ за идентификација |
| **Уплата, исплата и располагање со средства** | • Депонентот има право да вложува дополнителни износи на благајните на штедилницата или со трансфер на трансакциска сметка на штедилницата, со тоа што за секоја наредна дополнителна уплата важи рокот за орочување предвиден во Договорот, сметано од денот на првата уплата<br>• Лица кои можат да вршат уплата на средства без ограничување на благајните на штедилницата се:<br>Носител на сметка,<br>Законски застапник на сметка<br>• Лица кои можат да вршат уплата на средства без ограничување на трансакциската сметка на штедилницата се:<br>Носител на сметка,<br>Законски застапник на сметка,<br>Ополномоштено лице на сметка<br>• Може да подигне најмногу 20 % од износот на депозитот во текот на еден месец, но не повеќе од 50 % од износот на депозитот во текот на целиот период на траење на орочувањето<br>• Доколку депонентот подигне поголем дел или цел орочен износ, договорот ќе се смета раскинат, во кој случај, на износот на депозитот се пресметува камата во висина од 10 % од каматата по видување на денот на ликвидација за периодот од уплатата на средствата до денот на нивно подигнување или за периодот од реорочувањето на средствата до денот на нивното подигнување<br>• Штедилницата веднаш и на прв повик на депонентот ќе му исплати износ до 50.000 ден. и тоа без претходна најава. За поголем износ, како и за подигнување на средствата од друга благајна, а не таму каде што ги уплатил, депонентот треба да изврши претходна најава и тоа најмалку 24 часа пред подигнувањето на средствата<br>• Депонентот за располагање со депозитот во експозитура на штедилницата треба да приложи:<br>Штедна книшка<br>Валиден документ за идентификација |
| **Останати одредби** | • За вложените средства депонентот и штедилницата склучуваат Договор за орочен депозит<br>• Со склучување на Договор за орочен депозит, депонентот ѝ дава овластување на штедилницата да ги подмири сите останати достасани, а неподмирени обврски кои депонентот ги има кон штедилницата, од средствата на депозитот, по истекот на рокот на неговото орочување<br>• Доколку депонентот во рок од 7 дена по истекот на рочноста не дојде да склучи нов договор за депозит или да го подигне орочениот депозит со каматата, ќе се смета дека депонентот изрично прифатил депозитот со каматата повторно да се орочи на рокот и под другите услови утврдени со склучениот Договор за депозит, согласно Одлуката за утврдување политика на каматни стапки на штедилницата која важела во моментот на реорочувањето.<br>• За вложените средства штедилницата издава штедна книшка, преку која се евидентираат и следат промените на депозитот<br>• Во случај на изгубена, оштетена или целосно пополнета штедна книшка, депонентот писмено пријавува во експозитура на штедилницата, со цел веднаш да се изврши замена со нова<br>• Вкупните депозити на депонентите во штедилницата се осигурени во Фондот за осигурување на депозити АД Скопје. Фондот ги обесштетува вкупните депозити по депонент (ЕМБГ), но не повеќе од денарска противвредност на 30.000 евра во една банка, филијала на странска банка или штедилница, пресметана по среден курс на НБРМ. Во наведениот износ се пресметува главнината на депозитот, пресметаната и припишана камата, како и непристигнатата камата до денот на конечноста на решението<br>• Податоците поврзани со депозитот и личните податоци на депонентот претставуваат банкарска (деловна) тајна и притоа штедилницата се обврзува дека истите нема да ги открива на други лица, освен ако со закон или подзаконски пропис е поинаку предвидено, со што депонентот изречно се согласува<br>• Штедилница Можности не прибира девизни депозити на своите уплатно-исплатни места |

*** За дополнителни информации обратете се во експозитурите на штедилницата**

Септември, 2020 година

Штедилница Можности ДОО Скопје